**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 324
02/ 3 297 323

**Наш број:** 16 -
09.11.2017 год
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Писмо за препорака

Почитувани,

Дозволете ми на почетокот, како раководител на Секторот за јавни дејности во Град Скопје да изразам особено задоволство од досегашната соработка со Булфрогс Продукција. Имено, продукцијата во моментов ја изработува новата Стратегија за развој на културата на Град Скопје со Акциски План за периодот 2017-2021. Во текот на целиот процес на изработка на оваа Стратегија, тимот на Булфрогс покажа исклучителна професионалност и посветеност во работата и темелно ги извршува работните задачи.

Следствено, ми претставува задоволство да го препорачам нивниот проект „Сон на летната ноќ" – балет во два чина, за дел од националната програма за култура на Министерството за култура на Македонија. Булфрогс Продукција ја сочинува тим од талентирани, креативни и посветени уметници кои неуморно работат и допринесуваат кон развојот на културната сцена во Македонија, со што бездруго заслужуваат да добијат соодветна поддршка од институциите.

Вреди да се напомене дека во својата работа со деца и млади Булфрогс Продукција секогаш внесува голема професионалност, вклучувајќи професионални балетски уметници од земјата и од странство, кои служат како пример за учениците од Булфрогс балетското училиште. Поддржувањето на проекти од ваков карактер е клучно и од аспект на тоа дека им овозможува на млади учесници вистински да ја доживеат уметноста и театарот. Булфрогс Продукција преку вакви проекти не само што ја создава идната генерација на културни уметници, туку и ја јакне свеста кај младите за културата, создавајќи нова генерација на публика.

Со почит,

Раководител на Сектор
Тања Балаќ